Врз основа на член 370 од Законот за трговските друштва и членовите 65 и 66 од Статутот на ДГ „Бетон" АД Скопје, Одборот на директори со 3 (три) гласа ЗА, ниеден против, ниеден воздржан на 31.08.2020 година ја донесе следната:

## ПРЕДЛОГ ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Статутот на ДГ Бетон АД Скопје

### Член 1

Во членот 20 ставот 1 на Статутот на Друштвото за градежништво БЕТОН АД Скопје се заменува со нов стан кој гласи:
„Основната главнина на друштвото се состои од 54.562 обични акции".
Ставот 2 на членот 20 останува непроменет.

### Член 2

Во членот 26 на Статутот на Друштвото за градежништво БЕТОН АД Скопје се додава нов став 3 кој гласи:
„Првенствено право за запишување на акции, односно неговото исклучување има одложена примена и ова право/исклучување може да се користи по пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија".

### Член 3

Во членот 32 ставот 2 на Статутот на Друштвото за градежништво БЕТОН АД Скопје по зборовите „од овластен ревизор" се додаваат зборовите „за која ревизорот изразил мислење без резерва или мислење со резерва, а кое не ја доведува во прашање објективноста на годишната сметка, како".

### Член 4

Во членот 40 став 1 на Статутот на Друштвото за градежништво БЕТОН АД Скопје, бројт „111" се заменува со бројот „110".
Во членот 40 се додава нов став 2, а претходниот став 2 станува став 3. Новиот став 2 гласи:
„ Увидот во документите се остварува во седиштето на Друштвото. Акционерот кој бара увид во документите наведени во претходниот став потребно е претходно да го информира друштвото за увидот, во рок не подолг од три дена пред денот на бараниот увид."
По новиот став 3 се додава нов став 4 кој гласи:
„Акционерот не може јавно да ги објавува или да ги презентира информациите, освен на акционерите, ако остварува пред надлежен орган некое право определено со закон, со Статутот и со друг акт на друштвото, или ако тие веќе не се јавно објавени."

### Член 5

Членот 49 на Статутот на Друштвото за градежништво БЕТОН АД Скопје во целост се менува и гласи:
„Собранието се свикува со покана која се упатува до сите акционери или со јавен повик до акционерите кој се објавува на половина страница во најмалку еден

дневен весник што излегува на целата територија на Република Македонија, потоа на насловната страна на официјалната веб страница на Друштвото и на интернет страницата на берзата.
Рокот за одржување на седница на Друштвото тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно од денот на испраќањето на поканата и не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на собранието.
Поканата односно јавниот повик задолжително го содржи датумот и часот на одржување на седницата, а се наведува и местото на одржување на седницата и се прикажува предложениот дневен ред на седницата на собранието.
Јавниот повик, односно поканата за одржување на седница на собрание на Друштвото од ставот (1) на овој член задолжително е придружена со достапност на материјалите за седницата, наведување на интернет страницата на која ќе бидат достапни информациите од ставот (5) на овој член и содржи опис на постапките според кои акционерите учествуваат и гласаат на седницата на собранието, а во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва.
Во рок од најмалку 30 дена пред почетокот на седницата на собранието на Друштвото, како и на самиот ден на кој се однесува седницата, Друштвото на официјалната веб страница ги објавува:
1.содржината на јавниот повик, односно поканата за свикување на седница;
2.вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас вклучително и вкупен број на акции од секој род и класа;
3.документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на собранието на Друштвото;
4.предложените одлуки за донесување или мислења на овластен орган или тело на друштвото по секоја точка од предложениот дневен ред на седницата на собранието на друштвото;
5.предложените одлуки од акционерите;
6.обрасците за гласање преку полномошник и обрасците за гласање со кореспонденција подготвени за преземање електронски од страна на акционерите.“

**Член 6**

Во членот 51 ставот 2 на Статутот на Друштвото за градежништво БЕТОН АД Скопје се заменува со нов став 2 кој гласи:
„Секој акционер може да овласти, со давање полномошно во писмена форма без обврска да го завери полномошното кај нотар, свој полномошник на Собранието. Давањето и откажувањето на полномошното се врши согласно Законот за трговски друштва.“
Во Членот 51 ставот 3 на Статутот на Друштвото за градежништво БЕТОН АД Скопје се заменува со нов став 3 кој гласи:
„ Секој акционер може да овласти полномошник и/или на истиот да им даде инструкции за гласање на електронски начин. Друштвото овозможува користење на електронски систем преку кој акционерите ќе можат да се регистрираат, да овластуваат свои полномошници и на истите да им даваат инструкции за гласање на седницата на собранието на друштвото. Одредбите од овој став соодветно се применуваат и на откажувањето на полномошно на електронски начин.
Ставот 4 на членот 51 останува непроменет.
По ставот 4 се додаваат 4 (четири) нови ставови кои стануваа ставови 5, 6, 7 и 8 соодветно и кои гласат:
„Утврдувањето на постоење на конфликт на интереси кај полномошникот и за правните последици од утврдениот конфликт на интереси кај полномошникот важат одредбите на Законот за трговски друштва.

За полномошник на собрание кај Друштвото можат да бидат овластени и лица кај кои има конфликт на интерес само под услов ако тие претходно им обелоделиле на акционерите дека кај нив има конфликт на интерес и добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници за секоја предложена одлука за гласање по точките на дневниот ред на седницата на собранието за која им важи полномошното.
За полномошник на собрание кај Друштвото може да биде овластено лице кај кое има конфликт на интереси, а кое е овластено со полномошно од правно лице да учествува и да гласа на седницата на Собранието и е член на орган на управување на правното лице кое го овластило или е вработен кај правното лице
Секој може да го извести Друштвото за постоење на конфликт на интерес кај кое било лице кое има добиено полномошно од акционер. Органот на управување по добивањето на ваква информација задолжително ја провеува таа информација и мора да побара од лицето за кое друштвото е известено дека кај него постои конфликт на интерес да му ги обелодени сите информации во врска со можното постоење на таквата состојба. Органот на управување без одлагање на интернет страницта на Друштвото го објавува идентитетот и причините за постоење на конфликт на интерес кај полномошниците."

**Член 7**

Во членот 55 на Статутот на Друштвото за градежништво БЕТОН АД Скопје се додава нов став 1 кој гласи:
„Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собранието на Друштвото. Друштвото преку свој овластен орган или застапник, согласно одредбите на Законот за трговски друштва, е должно да одговори на прашањата што му ги поставуваат акционерите, при што Друштвото е должно одговорите да ги објави на својата интернет страница во формат на прашање и одговор."
Претходниот став 1 станува нов став 2, а ставот 2 станува нов став 3.

**Член 8**

Во членот 66 на Статутот на Друштвото за градежништво БЕТОН АД Скопје се додаваат два нови става 3 и 4 кој гласат:
„Секоја зделка со заинтересирана страна определена како таква според Законот за трговски друштва е предмет на претходно одобрување од страна на одборот на директори или на собранието, на начинот и според постапката определена во Законот.
Пред донесувањето на одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна, доколку вредноста на зделката што е предмет на одобрување или кумулативната вредност на меѓусебни поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрувањето на зделката, изнесува 10% и повеќе од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, потребно е мислење од овластен ревизор кој ги исполнува условите пропишани со Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност. Друштво може да ја реализира зделката со заинтересирна страна само доколку пред одобрувањето на зделката е добиено мислење од овластен ревизор."

**Член 9**

Во членот 127 на Статутот на Друштвото за градежништво БЕТОН АД Скопје се додава нов став 1, а претходниот став 1, станува став 2. Новиот став 1 гласи:

„Во Статутот на Друштвото за градежништво БЕТОН АД Скопје зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“, а зборот „Македонија“ се заменува со зборовите „Северна Македонија“.

**Член 10**

Оваа Предлог Одлука да се достави до Собранието на усвојување.

**Член 11**

Оваа Предлог Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Одбор на директори,**
**Претседател,**
**Минчо Јорданов**